Член 79-б

Регистар

(1) Агенцијата води Регистар на лаборатории со акредитирани методи кои спроведуваат лабораториски испитување и анализи во областа на безбедноста на храната и храната за животни, здравствената заштита на животните и заштита на здравјето на растенијата.

(2) За да бидат внесени во Регистарот од ставот (1) на овој член Лабораториите кои спроведуваат лабораториски испитувања во областа на безбедноста на храната и храната за животни, здравствената заштита на животните и заштита на здравјето на растенијата мора да ги исполнат барањата од членовите 79 и 79а, ~~и да поднесат барање до Агенцијата за внес во Регистарот на лаборатории кои спроведуваат лабораториски испитувања во областа на безбедноста на храната~~ , да ги исполнуваат условите за вршење дејност согласно посебните прописи од областа на безбедност на храна и ветеринарното здравство и да бидат внесени во Регистарот на лаборатории.

(3) Регистерот од ставот (1) на овој член содржи соодветни податоци за лабораториите и се води во во формат, содржина и на начин согласно став (4) од овој член.

(4) Директорот на Агенцијата поблиску ги пропишува формата и содржината која ќе ја има Регистарот на лабораториите и условите за да бидат внесени во Регистарот на лаборатории од став (1) од овој член, , како и формата и содржината на барањето и водење на Регистарот на лаборатории.

(5) Регистарот на лаборатории се објавува на веб страната на Агенцијата.